


## Рашела МИЗРАХИ

Долго време молчев на темава од причина што не сакав да посветам внимание на оние кои мислат дека со сила можат да ме заплашат и замолчат. И не само што не ме замолчија туку ме направија уште поодлучна и похрабра.

Денес, конечно е време и јас ќе проговорам за сите обиди да ме замолчите и да ме заплашите, иако ваквите обиди датираат од поодамна, ги преминавте сите граници.

Денес ќе зборувам гласно затоа што антисемитизмот и вербалните напади, преминаа во писмени закани, следење, пречекување пред влезот во кој живеам и тропање по влезната врата од мојот дом во раните утрински часови…

Денес зборувам затоа што ми е доста од луѓе со качулки кои ме пресретуваат и фотографираат, луѓе кои со возила ми го пресекуваат патот, па бегаат, доста ми е од вашата монструмска желба да демонстрирате сила со викање, претење и силеџиство по семафори.
За сите овие настани се информирани надлежните институции.

**Велевте рушиме режим, а вистината е дека воведовте режим.**

**Ветувавте живот, а донесовте понор, пропаст, сиромаштија, распад.**

**Ветувавте економија, плата, право, правда, а донесовте бес, чемер, беда, самоволие, силеџиство и диктат.**

Покажувате колку сте силни од позиција на власт, од позиција на моќ, од позиција на РЕЖИМ, силеџиски се перчите над својот сопствен народ, а се виткате пред силните и успешните.

На крај, па и јавно велите дека ви треба камшикар, само што никогаш не ни кажавте дека тој ви е за нас, за тие кои не се виткаат, ви пркосат и не ви коленичат.

НЕМА ДА ВИ ПОМИНЕ, А ПРАВДАТА ЌЕ ВЕ СТИГНЕ!

https://vesti.mk/read/article/https%3A%2F%2Flider.com.mk%2Fmakedonija%2Fmizrahi-dosta-mi-e-od-lug-e-so-kachulki-i-vozila-koi-mi-go-presekuvaat-patot-pa-begaat%2F